Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 62/0306
04.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 март 2023 година, врз основа на примена жалба од Ѓон Карица за интернет - порталот „ina-online.net“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 февруари 2023 година, Ѓон Карица поднесе жалба за текстот со наслов „Жител на Големиот брат Вип Косово позитивен на ХИВ-СИДА“ ("Banori i BigBrotherVip Kosova rezulton pozitiv me HIV-AIDS"), објавен на интернет порталот (www.ina-online.net), на 23.01.2023 година.

Во жалбата се наведува дека медиумот објавил неточна информација дека жалителот бил позитивен на ХИВ.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „ina-online.net“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Советот за етика доби одговор од интернет порталот „ina-online.net“ во кој истакнува дека текстот бил преземен од порталот indeksonline.net, кој пак го презел текстот од други медиуми. Воедно, од „ina-online.net“, се извинија за направениот пропуст и наведоа дека ја отстраниле спорната објава од нивниот портал.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата информираше дека прифаќа постапката да биде затворена по пат на помирување во рамките на покренатиот процес на медијација од страна на Советот за етика.

Комисијата за жалби ја поздрави подготвеноста на интернет - порталот „ina-online.net“ да го препознае пропустот и да ја отстрани содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595